

## Инсталација „Лично/нелично“ на Зорица Зафировска

- родена во Скопје 1982 каде живее и работи
- дипломирала на УКИМ на Факултетот за ликовни уметности 2000/2005
- студент на последипломски студии на Институтот Евро Балкан
- работи на истражувања на социјално-општествените тематики, научно-генетските достигнувања и конзумеризам
- користи различни материјали и медиуми за реализација на делата, кои се резултат на долготрајни иницијативи и искуства...

## “Изместувајќи го ритамот на хетеропатријархалната кореографија“ -Кратка белешка за изложбата „Лично/нелично“ од Славчо Димитров

Последната инсталација на Зорица Зафировска - „Лично-/нелично“ – се сместува на ризично место. Оперирајќи во доменот на естетското искуство, Зафировска го изнесува на виделина конститутивното и парадоксално испреплетување на политиката и уметноста - “дисензуалната реконфигурација на заедничкото/споделеното искуство на сензибилното“ (Ж. Рансјер). Во ова дело се одигрува суспензија на секојдневните форми на сензорно искуство, на она што сме навикната и што е санкционирано во рамки на полицискиот хетеропатријархален режим на дистрибуција на сензибилното како ограничување кое регулира што може да биде видено, слушнато, почувствувано и препознаено како легитимен дел од заедничкото и споделениот социјален простор.

...Вселувајќи се во самата внатрешност на формата на лепливите, невро-резонантни шорт кат пораки на адвертајзингот, Зафировска ја прекинува тековната циркулација и преклопување помеѓу перцепцијата/ сетилното/ она што ни е ставено во фокалното поле на социјална видливост, од една страна, и смислата, од друга страна. Форматирањето на рекламно-политичките пораки како едноставни и еднозначни клише-форми и зборови стануваат медиум за уметничката преку кој недвосмислено нè соочува со скриените модринки врз социјалното тело. На виделина исплива потиснатата историја на насилството како можност и основа на одржувањето и хегемонијата на фетишизмот кон робата и одржувањето на хетеропатријархалниот оикус – како архив на минатото и сегашноста обележан со насилството, дискриминацијата, исклучувањето, размената и силувањето на жените - како симптом-флека на идеализираната слика на семејниот и социјалниот конфор. Зафировска ја соголува и распетлува хабитуираната и здраворазумска логика на секојдневието на деполитизираниот конзумирачки субјект, и запирајќи го (нè), го (нè) соочува со неумоливиот повик на правдата како нужноста од политизација и конституирање на антагонистичен и поинаков сензориум. Во традицијата на концептуалната уметност, како и Барбара Кругер, Џени Холѕер, Лилит Адлер и другите феминистички и “слогански уметнички“, Зафировска ја реапроприира вкотвеноста во

релациите на моќ на претпоставените саморазбирливи вистини и авторитетни пораки, политичките и продажните труизми, и од тоа место сопоставува алтернативни, агонистички значења и можности.

Но овие зборови-светоодредници во делото на Зафировска се лизгаат кон еден мал, навидум незначаен, сетилен, но сепак светотворен мал предмет – бележникот, и на тој начин ефектуираат двојно отстранување и очудување... Преозначувајќи го малото тефтерче – бележникот, не само што ѝ се испречува на апстракцијата на разменската вредност на капиталистичкиот пазар, туку, уште позначајно, Зафировска ја изместува и употребната вредност на нашиот дневен распоред. Одовде, бележникот, како обичен сетилен предмет од секојдневието во кој се испишува организацијата на времето, се регулираат капацитетите и линиите на движење на женските тела како конзументи и потрошувачи во маркетот со цел да се наполни домашната потрошувачка корпичка (“направи список на работи за купување“), станува површина за впишувањето на нов субјект, на тело кое се изместува од нему пропишаната позиција и можности, тело кое се трансформира во непрепознатлив носител на отпорот против хетеропатријархалната експлоатација. Или пак, бележникот како знак во семиотиката на кујната (повторно низ реферирање на феминистичката уметничка историја преку Марта Розлер) што реферира на традиционалните женски улоги (запишување на рецепти, можеби?) станува мапа на личното осместување и колективно планирање на борбата за еднаквост. Значењата се умножуваат. Секојдневието на бележникот се огледува и во неговата употребна вредност како организатор на времето, место во кое се испишува дистрибуцијата на времето, на обврските, планот за работа, одговорноста и уморот од експлоатацијата на “феминизираниот“ труд во неолибералниот капитализам. Во ова време нема време за политичка субјективизација. Зафировска ја разглобува неолибералната деполитизација и отвара простор за “екстра“ време, го враќа одземеното време за да се биде поинаку, за промена.